ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
„Интегра“ - Македонска конзервативна партија предвремени локални избори 2020 година - Изборна кампања за Предвремени локални избори за избор на градоначалник на Општина Штип и Општина Пласница.

**Предмет на ревизија:**

Вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања, заедно со ревизија на усогласеност.

**Цел на ревизијата:**
Дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

Не се доставени извештаи со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборната кампања од денот на нејзиното отворање до завршувањето на првиот изборниот круг, како и двата пропишани извештаи за примени донации.

**Издадено мислење/заклучок*:** (зелено, жолто)

Изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај, додека за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики изразивме мислење со резерва.

**Клучни препораки:**

Надлежните органи на политичката партија во иднина да ги изготвуваат и до надлежните органи да ги доставуваат сите пропишани финансиски извештаи.

**Клучни системски слабости:**

Преиспитување/уредување на регулативата за:
- финансирање на изборите со средствата од Буџетот наменети за редовното работење;
- неплатени обврски од изборната сметка;
- претставување на социјалните мрежи.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**

/

* (зелено) позитивно, (жолто) со резерва, (црвено) неповолно, (црно) воздржување